| Прилог бр.3 | | Предметна програма од прв циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Современи политички теории-македонски | | | |
| 2. | Код | 50700 | | | |
| 3. | Студиска програма | Политички студии (додипломски на македонски јазик) | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв | | | |
| 6. | Академска година /семестар | Втора година , трет семестар | | Број на ЕКТС-кредити | 7.5 |
| 8. | Наставник | проф.д-р.Зоран Илиевски, проф.д-р.Ана Чупеска | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции): Основна цел на предметот Современи Политички Теории е усвојување, а подоцна и проширување на најзначајните и релевантни теоретски правци во политичката мисла од страна на студентите. Следна цел е развивање на критички пристап кај студентите и тоа во однос на проблемите кои се опфатени со предавањата и задолжителната литература, а имаат извонредно значење за дијагностицирање на политичките состојби. Од студентите се очекува да ги разберат, усвојат а подоцна и критички да ги оценат основните поими и теоретски ориентации во современите политички теории. Особено , лоцирањето и рефлексивноста на општествено-историската контекстуалност на дадената политичка мисла и изведувањето на компартивни паралели на транскултурна основа. Следно што се очекува од студентите е разликувањето на современите од класичните политички теории, како и нивните поклопувања и надополнувања. Од студентите исто така се очекува и да можат самостојно да ги презентираат сознанијата (основни или дополнителни) на своите колеги и да негуваат критичко и полемичко размислување. Студентите ќе треба да се оспособат за непосредно анализирање на политичките одлуки и практики и ќе имаат задачи за утврдување на теоретската и идејната основа на истите, нивната идеолошката ориентација и историската контекстуалност. | | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма: Современи Политички Теории е задолжителен предмет на политичките студии кој според својата содржина претставува хронолошко продолжување на предметот Полтички Теории I, со кој студентите веќе се сретнале во првата година од студирањето. Имено, предметна програма на Современите политички теории подразбира усвојување на најважните политички идеи и мисли на современоста. Предметот опфаќа широк спектар на проблеми, стојалишта, критики , анализи и синтези кои започнуваат со претставувањето на основните премиси на либерализмот – содржан во делата и теориите на раните либерални мислители и авторитети од 17век како Лок, Хобс, Мил и др., па се до рецентните струења во современите политички теории , поврзани со проблематиката на национализмот, фундаментализмот, транзитологијата и глобализацијата. | | | | | |
| 12. | Методи на учење: Во текот на предавањата предвидени се два генерални пристапи на материјата, а кои на студентите ќе им бидат претставувани преку ex-cathedra и интерактивна настава. Од техниките на наставата како помошни средства ќе бидат употребувани Power Point презентации, дискусии и тркалезни маси Предметната содржина ќе биде пренесена низ современи методи за систематско и интегрално изучување на теориите и<br><br>материјата ќе биде продлабочена и критички - споредбено анализирана од студентите во интерактивен однос со нивните тутори. Во стекнувањето и утврдувањето на теоретското знаење студентите ќе работат во групи или индивидуално. Своите сознанија ќе ги презентираат пред групата, и истите ќе бидат предмет на пошироки дискусии. За успешно студирање на овој предмет се поставени повисоки стандарди на истражувачката активност , и од студентите се очекува постигнување на квалификувани сознанија и резултати кои се промислени и автентични. | | | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 150 часа | | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 67,5 часа теоретски предавања, 82,5 часа домашно учење | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања- теоретска настава | 67.5 часови вкупно/ 4.5 часа неделно |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | |
| | | 16.3. | Домашно учење – задачи | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | |
| | 17.1. | Тестови | Оценката на студентот се формира врз основа на континуирано оценување (активност на за време на часовите, иработка на семинарски трудови , пишување на есеи и учество во семинаска дискусија ) и тоаво збир со завршниот испит кој што може да изнесува најмногу до 100 бодови. |
| | 17.2. | Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна) | |
| | 17.3. | Активност и учество | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 19. | Услов за потпис и за полагање завршен испит | Присуство на најмалку 51% од наставата | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Евалуација и самоевалуација | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Фрчкоски, Љ. Д. и Иванов, Ѓ. | Современи политички теории: Правен Факултет | "Јустинијан Први" | Скопје 2003 |
| | | 2. | Јованоски А., Фрчкосккi Љ, Чупеска Ана | Авторизирано учебно помагало за поедини тематски целини :Комунитаризам; Авторитарен Полулизам, Делибаративна | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Демократија, Граѓанска Непослушност, Politic via Internet; труд специјално изготвени за потребите на предметот. | | |
| | | 3. | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Мил Џ Ст. | За слободата | Епоха, Скопје | 1996 |
| | | 2. | Лорд Актон | Историја на слободата: | Слово | Скопје 2001 |
| | | 3. | Берлин И. | Четири есеи за слободата: | Култура, Скопје | 2000 |
| | | | Дополнителна литертура вон основната дополнителна: Фаред Закарија (рецензија на негова книга на македонски јазик објавена во Политичка мисла 2006); Мекинтаир А. По доблеста: Табернакул, Скопје 1998 стр. 269 - 296; 321 – 335; Шмит К. Политичка теологија: Култура, Скопје 1993; Фрчкоски Љ.Д. Есеи за социјалдемократијата: Магазин 21,Скопје 1991стр. 118 – 148; Гиденс Е Третиот пат: обнова на социјалдемократијата: ИДСЦО, Скопје, 2002 стр.31 - 77 ; Липхарт Аренд Демократијата во плуралните општества ПНИД Степ, 1994, Скопје стр. 25 – 50. Дал Роберт Проблемите на плуралистичката демократија во (На) враќање кон Четири есеи за слободата: Култура, Скопје 2000 стр.<br><br>демократија, Македонско радио Трета програма бр. 47-48 Скопје, стр 301 – 32; Бек Урлих Што е глобализација? Тера магика, 2003 Скопје, стр. 110 – 143; Вотерс Малколм Глобализација ИДСЦО, 2003, Скопје стр. 158 – 200; Чомски Ноам Контрола на | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | нашите животи во Маргина бр. 60 Скопје, 2003 стр. 219 – 236 Фрчкоски Љ Д Моделот на меѓуетничките односи во Македонија Круг, 1998, Скопје Гинер Салвадор, Дали замира цивилното општесто? во | | | |